REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Бр. / Nr. 03-519/2
22.05.2025 20 год./viti

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] генералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе

## РЕШЕНИЕ

### за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted] бр. 03-519/1 од 14.05.2025 година.

### Образложение

На 14.05.2025 година, [redacted] до Инспекцискиот совет во е-форма достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-519/1 од 14.05.2025 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена во препис, следната информација:

1. Делот од ЗАПИСНИК од 412-та седница на Инспекцискиот совет одржана на 08.05.2025 година, на кој советот ја има разгледано информацијата за постапување по налог за единечен вонреден инспекциски надзор од Област 6- Управа претставката а во врска со работата на инспекторот за спорт Васе Ефтимов.
2. Предложената соодветна постапка поднесена од надлежниот член на советот наведено во предмет со наслов "Одговор на претставка" заведена во Инспекцискиот совет под бр. 16-263/10 од 08.05.2025 година
3. Покана за одржување на 412-та седница на Инспекцискиот совет одржана на 08.05.2025 година.
4. Сите други документи (проследена од советот до Министерство за спорт, примена документација од Министерството за спорт и слично) кои произлегуваат согласно севкупната анализа на актите кои произлегуваат од постапувањето на инспекторот за спорт Васе Ефтимов во врска со предметната претставка.

Во предметното Барање, барателот навел дека бара препис од содржината на бараната информација да му се достави по пошта, препис [redacted] во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведените предмети, во прилог Ви доставуваме:

- Заверена копија – верна на оригиналот, дел од ЗАПИСНИК од 412-та седница на Инспекцискиот совет одржана на 08.05.2025 година, Точка 34: Информација за постапување по налог бр. 16-263 од 05.03.2025 година – Област 6 -Управа;

- Заверена копија – верна на оригиналот, Покана за одржување на 412-та седница на Инспекцискиот совет одржана на 08.05.2025 година, број 02-481/1 од 02.05.2025 година;
- Заверена копија – верна на оригиналот, Предлог за издавање на налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор, 16-263/1 од 05.03.2025 година;
- Заверена копија – верна на оригиналот, Налог за вршење на единечен вонреден инспекциски надзор, 16-263/2 од 05.03.2025 година;
- Заверена копија – верна на оригиналот, Известување бр.14-562-2 од 17.03.2025 година, наш бр. 16-263/4 од 18.03.2024 година;
- Заверена копија – верна на оригиналот, Одговор на Известување, бр. 16-263/5 од 26.03.2025 година;
- Заверена копија – верна на оригиналот, Доставување на допис, арх.бр. Ип1 бр.13-504 од 16.04.2025 година, наш број 16-263/6 од 22.04.2025 година;
- Заверена копија – верна на оригиналот, Известување бр.14-562/5 од 17.04.2025 година, наш број 16-263/7 од 28.04.2025 година;
- Заверена копија – верна на оригиналот, Информација – за постапување по Налог архивиран во Инспекцискиот совет на ден 05.03.2025 година со бр.16-263/2, Област 6 – Управа, бр. 16-263/8 од 08.05.2025 година и
- Заверена копија – верна на оригиналот, Извадок од Нацрт – записникот од 412-та редовна седница на Инспекцискиот совет одржана на 08.05.2025 година, бр. 16-263/9 од 08.05.2025 година.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
Сара Николовска

Доставено:
- до барателот на информацијата (на е-адреса и по пошта);
- во архивата на Инспекцискиот совет, во оригинал

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор